# ОСНОВЕН СУД
# ВИНИЦА



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работа на Основен суд Виница
## за 2021 година

Содржина

1.Податоци за работа со предмети................................................................ 2
2.Извештај за човечки ресурски ........................................................................ 2
2.1.Организациска поставеност и ситематизација, планирани и реализирани вработувања ............................................................ 2
2.2.Проценка на безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опременоста на судот според стандардите ........... 2
3. Извештај за усогласување на судска пракса ................................................. 4
4. Извештај за односи со јавноста ....................................................................... 4
4.1 Податоци за работа на канцеларијата за односи со јавноста .......... 4
4.2.Број на примени и одговорени барања по Законот за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање .......... 5
4.3.Објавување на одлуки на веб страната ............................................ 5
5. Извештај за информатичката технологија ..................................................... 7
6. Извештај за опременост и одржување на зграда на судот .......................... 8
7. Извештај за планирани и извршени јавни набавки .......................................10

1.Податоци за работа со предмети

| Нерешени премети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **483** | **4315** | **28** | **0** | **4826** | **4123** | **703** |

Во Основен суд Виница на крајот на 2020 година, вкупно останале нерешени предмети 483. Примени во 2021 година се 4315 предмети, предмети повторно во работа 28 или вкупно во работа во 2021 година биле 4826 предмети. Решени предмети во 2021 година се 4123, останале на 31.12.2021 година, нерешени предмети 703. Приливот на предмети не е совладан и заостатокот е зголемен за 220 предмети. Приливот на предмети не е совладан од причини што во 2021 година бројот на предметите за разлика од претходната година , на нормираните е зголемен за дупло или вкупниот број на предмети споредбено со претходната 2020 година е зголемен за 1459 предмети. Потоа условите во кои судот работеше, услови на пандемија, одсутност на странките од местото на живеење, одложување на рочишта по барање на странки поради тоа што се позитивни на КОВИД 19 и некомплетираноста на судот со човечки ресурси.

**2.Извештај за човечки ресурси**

2.1.Организациска поставеност и ситематизација, планирани и реализирани вработувања

Според Правилникот за организација и систематизација на работните места, во Основен суд Виница се систематизирани на дваесетиеден (21) работни места, а предвидени се 38 извршители за пооделните работни места.

Судот во текот на 2021 година работеше со 19 работници - извршители од кои: 3 Стручни судски службеници од кои: еден (1)-советник-информатичар, еден (1) судски соработник и еден (1) помлад судски соработник. Тринаесет (11) административно - технички службеници и тоа : 2 самостојни судски референти – водители на писарница во кривично и извршно, 1- самостоен референт- сметководител кој поради недостаток на човечки ресурси работи и како технички секретар на претседателот на судот, води евиденција и издавање на канцелариски материјали, уписниците Су-01, 02, 03, 04, 05, Су-изз, Су-дов, Су-стр.дов.. Два (2) - судски референти - записничар кај судија од кои едниот е подолг период на боледување односно од 06.07.2021 година е на боледување поради тешка болест-cancer и до наполнување на 64

години кои ќе ги наполни во текот на 2022 година нема да се врати на работа, двајца (2)- самостојни референти ( вработени на определено време) до 31.12.2021 година од кои еден водител на писарница и еден за прием и експедиција на пошта. Четири (4) лица помлад судски референт судски доставувачи . Пет (5) лица судски полицајци и еден (1) -хигиеничар вработен согласно Законот за работни односи. Ваквата пополнетост на работните места не одговара на обемот на работата во судот, имајќи го во предвид вкупниот годишен прилив на предмети.

На крајот од 2020 и на почетокот од 2021 година беа испразнети две работни места за прием и експедиција на пошта и водител на писарница а истите не беа пополнети во 2021 година а не се предвидени ни со годишниот план за вработување во 2022 година иако со Годишниот план за вработнување за 2022 година е побарано и укажано дека овие места се неопходно потребни за работењето на судот бидејќи судот не располага со човечки ресурси кои би можеле да бидат распоредени на тие места. Освен тоа станува збор за испразнети работни места и вработувањето не предизвикува фискални импликации. Работите на испразнетото работно место во 2019 година самостоен референт- водител на писарница ( кое се уште не е пополнето) за сите граѓански предмети им се дополнително распоредени на самостојните референти- водители на писарница во кривично и за извршување на санкции што преставува дополнително оптеретување за нив, не само како нова работа, туку и како обем на работа. Во судот недостасува од испразнетите а непополнети работни места еден (1) извршител – водител на писарница во граѓански оддел (испразнето во 2019 год.,), еден (1) извршител за прием и експедиција на пошта,(испразнето во 2020 год.,),еден (1) извршител уписничар во прекршочен оддел,(испразнето во 2021 година), двајца (2) референти-записничар кај судија (кои места се испразнети на почетокот од 2021 а не пополнети ). Во моментот судот работи само со еден судски референт-записничар. Потребно е да се пополнат напред наведените испразнети работни места бидејќи за истите веќе се одобрени, односно постојат средства и не се работи за нови работни места, а истите е неопходно е потребно да бидт пополнети како судот би можел ефикасно да ја извршува функцијата.

Во текот на 2021 година работните места за прием и експедиција на пошта и водител на писарница-прекршочен оддел беа пополнети со вработување на

лица на определено работно време до 31.12.2021 година, меѓутоа потребно е овие работни места да бидат пополнети со лица вработени на неопределено работно време. Во судот има еден (1) стручен соработник со положен правосуден испит со работен стаж подолг од 5 години ( 21 година ) и еден помлад судски соработник кој исто така го има положено правосуден испит и е со стаж подолг од 2 години над (13 год.). Кај овие лице со годишниот план за 2021 година е предвидено придвижување во кариерата на повисок степен согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места . Секој од стручните соработници со годишниот распоред за работа е распореден кај судија и учествува во изготвување на нацрт одлуките. Покрај тоа стручниот соработник учествува во прибирањето и анализа на податоци за работењето на судот и е одговорен за информации од јавен карактер, уписник за преставки и поплаки, канцеларија за односи со јавноста, претседател на работното тело за движење и управување со предметите на судот, лице за ккомуникација со странки со ментална попреченост и следење на судска пракса. Вработениот помлад судски соработник е задолжен за правилна примена на програмата АКМИС, за изготвување на месечните извештаи за работа на судот, уредување на ВЕБ страната на судот, е-достава, овластено лице за јавни набавки и овластен судски администратор.

На организираните и предвидени обуки за вработените во текот на 2021 година, од вработените имаше интерес за посета на обуките и истите учествуваа на обуките кои беа спроведени online.

2.2.Проценка на безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опременоста на судот според стандардите:

Судската полиција е составена од 5 полицајци кои работат по претходно направен распоред за работа. Судските полицајци имаат културен и професионален однос кон странките и се придржуваат кон Правилникот за работа на судската полиција. Вршат редовни и повремени контроли на странките и другите посетители на судот по однос на безбедноста за судот и вработените. Судската полиција е делумно опремена со пропишаната опрема кое негативно се одразува по однос на поставеноста, угледот и улогата на судската полиција во судот, како и во вршењето на нивните работи по однос на безбедноста.

**3.Извештај за усогласување на судска пракса**

Основниот суд Виница во 2021 година, работеше со тројца судии од кои еден судија со Одлука на Судски совет е времено упатен од друг суд (Основен суд Кочани) за вршење на должноста судија на Основен суд Виница) и еден ВД Претседател на судот, кој е судија на Апелационен суд Штип.

Претседателот и судиите секојдневно се среќаваат, контактираат и разменуваат мислења за тековните проблеми за нивното решавање, нагласувајќи ја потребата од постојана ажурност во работењето, квалитетот и односот на судиите со странките. Еднаш месечно се одржуваше седница на судиите на која се разгледуваше месечниот извештај за работа а се расправаше и за проблеми кои настануваат во текот на работењето, одлагањето на закажаните рочишта, посебно за правилната примена на правните прописи во врска со предметното работење со посебен акцент на решавање на старите предмети, согласно планот за решавање на стари предмети.

Предметите вратени по жалба од Апелациониот суд, судиите заедно со судските соработници секогаш ги разгледуваат , за што се дискутира и се заземаат ставови за причините за укинување на пресудите, како и за подобрување на квалитетот , совладување на приливот на предметите и намалување на заостатокот а посебно за решавањето на старите предмети.

Во 2021 година поради се уште присуството на вирусот КОВИД 19 и постоење на пандемија со овој вирус, судот согласно Одлуката на Судскиот совет донесе одлука за постапување на судот во услови на пандемија, зголемена опасност од вирусот КОВИД 19, заради што се презема мерки за заштита од заразата.

Во своето работење судиите ги применуваа и Меѓународните Конвенции и Договори во граѓанската и кривичната постапка, а се применуваше и праксата на Судот за човекови права во Стразбур.

**4.Извештај за односи со јавноста.**

4.1 Податоци за работа на канцеларијата за односи со јавноста

Канцеларијата за односи со јавноста преку одговорното лице контактира со заинтересираните лица и постапуваше по нивните барања.

По сите барања на заинтересираните лица е навремено во најкраток рок можен рок одговорено.

4.2.Број на примени и одговорени барања по Законот за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање.

Во 2021 година се примени 21 барање по Законот за слободен пристап на информации и по сите барања е постапено и одговорено на заинтересираните странки.

4.3.Објавување на одлуки на веб страната

Основен суд Виница има веб страна која е активна и постојано се ажурира.

| Објавени одлуки на Судскиот портал | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Месец / 2021 | Редовни | | Правосилни | | Вкупно | |
| | објавени | % | објавени | % | вкупно објавени одлуки | % |
| Јануари | 38 | 59,38% | 26 | 40,63% | 64 | 16,84% |
| Февруари | 27 | 72,97% | 10 | 27,03% | 37 | 9,74% |
| Март | 26 | 30,95% | 58 | 69,05% | 84 | 22,11% |
| Април | 0 | 0,00% | 47 | 100,00% | 47 | 12,37% |
| Мај | 0 | 0,00% | 7 | 100,00% | 7 | 1,84% |
| Јуни | 0 | 0,00% | 44 | 100,00% | 44 | 11,58% |
| Јули | 0 | 0,00% | 6 | 100,00% | 6 | 1,58% |
| Август | 0 | 0,00% | 0 | 100,00% | 0 | 0,00% |
| Септември | 0 | 0,00% | 35 | 100,00% | 35 | 9,21% |
| Октомври | 0 | 0,00% | 30 | 100,00% | 30 | 7,89% |
| Ноември | 0 | 0,00% | 13 | 100,00% | 13 | 3,42% |
| Декември | 0 | 0,00% | 13 | 100,00% | 13 | 3,42% |
| Вкупно | 91 | 23,95% | 289 | 76,05% | 380 | 100,0% |

На веб страната се објавуваат и месечните извештаи за работа, како и годишниот извештај за работа, а секојдневно се објавуват и распоредите за судење на судиите. На Судскиот портал т.е. судскиот портлет на судот редовно се објавуваат правосилните одлуки.

Во судот се изготвуваа редовните месечни извештаи за работа, како за судот, така и поединечно за секој судија, кои извештаи по изготвувањето и усвојувањето од седницата на судиите се доставуваа до надлежните органи и објавуваа на интернет страната на судот, од каде што јавноста имаше слободен пристап и увид во работењето на судот и судиите. На тој начин се

придонесе и за подобрување на комуникацијата со странките заради тоа што преку веб страната редовно се објавуваа и неделните и месечните распореди за закажаните рочишта и претреси за сите судии.

За Европскиот ден на граѓанска правда во месец октомври 2021 година, заради пандемијата со вирусот КОВИД 19, се одржа online средба со граѓаните за прашања и одговори од областа на работењето на судот. Објавени се 268 соопштенија за јавноста од страна на судот во 2021 година.

Спроведена е анкета „Мониторинг на перформансите во правосудството во РСМ “ .

**5.Извештај за информатичката технологија**

Опремувањето на судот со информатичка технологија во однос на нови компјутери и печатари е извршено во 2017, 2018 а продолжи и во 2019 година. Се уште не е направено промена во структурата на мрежата која е од 2008 година и која претрпе една голема промена, (промена на АД структурата) и неколку помали промени. Мрежата е стара тринаесет(13) години, поради што постои опасност за настанување на проблеми при извршување на работите и задачите на вработените заради зголемените побарувања кои произлегуваат од доменот на работа. Состојбата со опремата секојдневно се следи и проблемите до сега тековно се решаваат и нема застој во функционирањето на системот.

Во судот се применуваат апликации:

- АКМИС,
- Libre Office v6,
- Kaspersky Endpoint Security v12,
- Trend Micro Business security for Windows server,
- повеќе интернет пребарувачи: Mozilla Firefox, Google Chrome, Microsfot Edge,
- VMware VSphere server/client v4,

- Adobe PDF читач и PDF freeware софтвер за обработка на PDF документи.

Наведените апликации работат на Microsoft Windows XP/7/10 платформа, како оперативен систем, со исклучок на Trend Micro Business security кои работат на Microsoft Windows 2008 R2 x64 server платформа.

АКМИС базата на податоци инсталирана на новите сервери ги опслужува клиентските машини, но поради староста на информатичката опрема брзината е забавена.

| Р. бр. | Опис | Вид | Коли-чина | Работна состојба | Год. на набавка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - ComTrade | ПЦ | 2 | исправен | 2008 |
| 2 | - HP Compaq dc5800 | ПЦ | 1 | исправен | 2009 |
| 3 | - Anhoch Pixio | ПЦ | 1 | исправен | 2008 |
| 4 | - Anhoch Pixio | ПЦ | 1 | исправен | 2008 |
| 5 | - HP Compaq dx2250 | ПЦ | 1 | исправен | 2008 |
| 6 | - HP LaserJet P2014 | Печатар | 1 | исправен | 2008 |
| 7 | - Anhoch Pixio | ПЦ | 1 | исправен | 2008 |
| 8 | - HP Compaq dx2250 | ПЦ | 1 | исправен | 2008 |
| 9 | - HP LaserJet P2014 | Печатар | 1 | исправен | 2008 |
| 10 | - HP ScanJet 3400C | Скенер | 1 | исправен | 2010 |
| 11 | - HP Compaq dx2250 | ПЦ | 1 | исправен | 2008 |
| 12 | - HP LaserJet P2014 | Печатар | 1 | исправен | 2008 |
| 13 | -HP Compaq dx2250 | ПЦ | 1 | исправен | 2008 |
| 14 | - HP LaserJet P2014 | Печатар | 1 | исправен | 2008 |
| 15 | - Anhoch Pixio | ПЦ | 1 | исправен | 2008 |
| 16 | - Canon ImageRunner 2525 | Печатар/ Скенер | 1 | исправен | 2010 |
| 17 | - Lenovo | ПЦ | 2 | исправен | 2008 |
| 18 | - Crypton | TV / Monitor | 2 | не исправен | 2008 |
| 19 | - Fujitsu Primergy RX 300 S5 | Сервер | 1 | исправен | 2010 |
| 20 | - HP Compaq d6500 | ПЦ | 1 | исправен | 2010 |
| 21 | - Local Area Netwotk, Category 5, UTP | Мрежа | 1 | делумно исправна | 2007 |
| 22 | - HP ProCurve | мрежен концентратор | 1 | исправен | 2010 |
| 23 | - Cisco switch | мрежен концентратор | 1 | исклучен | 2003 |
| 24 | - 3Com switch | мрежен концентратор | 1 | исклучен | 2003 |
| 25 | - Panasonic KX-NS500NE | хибридна тел. централа | 1 | исправна | 2021 |
| 26 | -Телефонска инсталација изведена | електр. инсталација | 1 | делумно исправна | 2000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | со сигнален кабел | | | | |
| 27 | - Pentium DualCore, 4Gb Ram, 500Gb Hdd | ПЦ | 2 | исправен | 2017 |
| 28 | - Pentium i3, 4Gb Ram, 1Tb Hdd | ПЦ | 12 | исправен | 2019 |
| 29 | - Fujitsu fi-6110 | Скенер | 2 | исправен | 2014 |
| 30 | - Fujitsu Esprimo, 4Gb Ram, 500Gb Hdd | ПЦ | 1 | исправен | 2014 |
| 31 | - Fujitsu Celsius, 8Gb Ram, 2x1Tb Hdd | ПЦ | 1 | исправен | 2014 |

## 6. Извештај за опременост и одржување на зграда на судот

Основниот суд во Виница, е сместен во зграда која претходно е била за друга намена. Просторните услови делумно ги задоволуваат потребите на судот, потребни се инвестиции за прилагодување на просторните можности и подобрување на условите за работа. Секој од судиите е сместен и работи во канцеларија, каде понекогаш и се суди (со помал број на странки) бидејќи судот располага само со една судница. Нема посебна просторија - дактилобиро за записничарите, нема просторија за адвокати, правобранители и обвинители. Нема магацински простор за привремено одземени предмети, а недостасува уште една судница. Нема наменски простор за одлагање и чување на архивската граѓа, а парниот котел е привремено сместен (од 2002 година) во лимена гаража покрај самата судска зграда која лимена гаража е опшиена со огноотпорна изолација со стиродур. Како сала за состаноци, се користи канцеларијата на Претседателот на судот. Канцелариите на судиите се сместени на катот а постоечката една судница е сместена на приземјето. Во судот покрај постоечкиот влез има и посебен влез за судиите кој не се користи. Вратите на сите канцеларии потребно е да се заменат со нови бидејќи се дотраени ( истите се од 1972 година). Во сите простори на судот во 2021 година е поставен епоксиден под . Во 2018 година е санирана појавената влага внатре во судот и на фасадата и е извршено целосно обновување - фасадирање на судската зграда, но средствата не беа доволни за поставување на термо изолација со што би се намалиле трошоците за греење и ладење и би се подобрила енергетската ефикасност. Судот во најголем дел е климатизиран, недостасуваат уште три климатизери за три канцеларии. Во судот нема хидранти а за заштита од пожар, судот е опремен

со четири ПП апарати кои редовно се сервисираат. Потребно е за судската зграда да бидат обезбедени хидранти за заштита од пожар.

Во 2021 година е спроведена јавна набавка за епоксиден под во просториите од зградата и за телефонска централа. Постапката во текот на 2021 година е завршена. Поставен е епоксиден под во просториите на судот и поставена е телефонска централа.

Тековната опременост не одговара на стандардната и потребно е да се интервенира како истата би се подобрила.

Судот има потреба од оспособување на делот од просторијата каде е сместена судската писарница во шалтер служба. За ова судот има доставено барање за одобрување на финансиски средства. Судот до Судскиот буџетски совет има доставено образложени барања со пресметка и проект и за други приоритетни потреби. За сите потреби на судот редовно е известуван судскиот буџетски совет со барање средства за капитални инвестиции.

**7. Извештај за планирани и извршени јавни набавки**

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2021 ГОДИНА НА ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА**

| Бр | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | **1. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | | |
| | -Набавка на хартија за печатење и фотокопирање | 30000000-9 | Февруари 2021 | 25.000,00 денари | *групна јавна набавка | спроведува Апелационен суд Штип |
| | -Набавка на телефонска централа | 32000000-3 | Февруари 2021 | 131.360,00 денари | Набавка од мала вредност | |
| | - Групна јавна набавка на сервери | 48000000-8 | Мај 2021 | 100.000,00 | *групна јавна набавка | спроведува Апелационен суд Штип |
| | -набавка на масло за греење - екстра лесно | 09000000-3 | Август 2021 | 305.000,00 денари | Набавка од мала вредност | |
| | **2. Договори и рамковни спогодби за** | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **јавни набавки и услуги** | | | | | |
| | Групна јавна набавка на фиксна телефонија за 24 месеци | 64000000-6 | Август 2021 | 50.000,00 денари | *групна јавна набавка | спроведува Судски совет на РСМ |
| | -Групна јавна набавка на интернет услуги | 72000000-5 | Ноември 2021 | 85.000,00 денари | *групна јавна набавка | спроведува Судски совет на РСМ |
| | **3. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи** | | | | | |
| | Реновирање на под | 44000000-0 | Февруари 2021 | 474.570,00 денари | Набавка од мала вредност | |

Во 2021 година сите планирани јавни набавки, се реализирани.

Извршени се и 14-четиринаесет набавки под вредносните прагови, согласно чл.40 од ЗЈН–набавки до 1000 евра и тоа: набавка на канцелариски материјали, набавка на делови за ИТ опрема, набавка на тонери, набавка на услуги кастрење на дрвја во судскиот двор, набавка на моторно масло и автоделови за возило, набавка на обувки за судски доставувачи, набавка на дизел гориво за службено возило, набавка на средства за хигиена, набавка на услуги за осигурување на зградата на судот, набавка на услуги за перење на возило, набавка на молерофарбарски работи, набавка на АОП материјали, набавка на завеси, набавка на дел од униформа за судска полиција.

Виница
јануари, 2022

ВД Претседател на судот
Васка Петрова